Бр. 04-1714/8
05.08. 2021 година

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници (Сл. весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19 и 14/20), Градоначалникот на Општина Ново Село донесе

О Д Л У К А
За избор на кандидати по пат на интерен оглас бр. 01/2021 за пополнување на работни места со унапредување

1. Се избираат:

- **За извршител на работно место Советник за паркови и зеленило , Одделение за комунални работи** се избира кандидатот Сашко Андонов;

- **За извршител на работно место Советник за правни прашања од областа на урбанизмот , Одделение за урбанизам, градење и заштита на животната средина,** се избира кандидатот Убавка Стојчева;

- За извршител на работно место **Советник за заштита на животната средина , Одделение за урбанизам, градење и заштита на животната средина,** се избира кандидатот Мери Аврамова.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 30. 07. 2021 година е објавен интерен оглас број 01/2021 година на веб страницата на Агенцијата за администрација и на Општина Ново Село.

Со Решение на градоначалникот на Општина Ново Село формирана е Комисија за селекција за унапредување по интерен оглас која ја спроведе постапката за селекција на кандидатите за унапредување. По спроведената постапка Комисијата за селекција за унапредување изготви записник Записник за административна селекција за интерен оглас бр. 04-1714/6 од 05. 08. 2021 година и Записник од спроведување на интервју бр. 04-1714/7 од 05. 08. 2021 година.

Врз основа на Записникот од финалната ранг листа на интервјуирани кандидати, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба преку Агенцијата за администрација до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен , во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

Доставено до:
-Избраните кандидати
-Архива

ОПШТИНА НОВО СЕЛО
ГРАДОНАЧАЛНИК
НИКОЛА АНДОНОВ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВО СЕЛО